Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 година
Потпис,

**АГЕНЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ**

Агенција за стоковни резерви
Орце Николов 71,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3116 249
Факс: (02) 3298 273
Е-пошта: info@asr.gov.mk
Сајт: www.asr.gov.mk

quality austria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2008 No.12514/0
IQNet

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ
Бр. 01-561/1
04.10. 2017 год.
СКОПЈЕ

# *СТРАТЕШКИ ПЛАН*
# *2018 – 2020*

*Скопје, август 2017година*

# 1. СТРУКТУРА НА ТЕКСТУАЛНИОТ ДЕЛ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

## 1.1. ВОВЕД



Стратешкиот план на Агенцијата за стоковни резерви е документ во кој се претставени приоритетните цели и задачи на Агенцијата за стоковни резерви за период од три години. Приоритетите и целите кои се утврдени се во согласност со стратешки приоритети и Програмата за работа на Владата за 2016 година. Во стратешкиот план за периодот кој претстои идентификувани се одговорните субјекти, временската рамка и индикатори за успешност кои треба да помогнат во следењето на спроведувањето на предвидените програми. За успешна реализација на поставените задачи неопходна е взаемна поддршка и соработка со сите министерства и органи на државна управа.

Директор,
Реси Абдурахмани

## 1.2. МИСИЈА

Мисијата на Агенцијата за стоковни резерви е управување, користење и располагање со стоковните резерви.

## 1.3. ВИЗИЈА

Визијата на Агенцијата за стоковни резерви е да се достигне највисок степен на максимална пополнетост и високо ниво на заштита на стоковните резерви.

## 1.4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

Агенцијата за стоковни резерви е носител на активностите во врска со планирањето, формирањето, финансирањето, чувањето, обновувањето и користењето на стоковните резерви во Република Македонија, ги врши управните, стручните и другите работи во врска со стоковните резерви и се грижи за нивото на пополнетост и квалитетот на стоковните резерви.

## 1.5. СПЕЦИФИЧНОСТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

Агенцијата за стоковни резерви е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице и е единствен орган во Република Македонија кој се грижи за стоковни резерви.

## 1.6. СТРУКТУРА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

### ОРГАНИЗАЦИОНА ШЕМА НА АГЕНЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ



Агенцијата за стоковни резерви е самостоен орган на државната управа со својство на правно лице со кое раководи директор кој го именува Владата на Република Македонија. Во Агенцијата постојат три сектора со по две одделенија, а надвор од секторите формирани се и две одделенија кои се под директна надлежност на директорот (не се пополнети сите работни места според систематизација).

Сектори и одделенија во Агенцијата:

- Сектор за финансиски прашања со две одделенија:
  - одделение за буџетска координација и контрола
  - одделение за сметководство и плаќања
- Сектор за прехрамбени и индустриски стоки со две одделенија:
  - одделение за индустриски стоки
  - одделение за прехрамбени производи
- Сектор за општи и правни работи и јавни набавки
  - одделение за општи и правни работи
  - одделение за јавни набавки

и две посебни одделенија:

- Одделение за управување со човечки ресурски
- Одделение за внатрешна ревизија

Во Агенцијата за стоковни резерви има вкупно 16 (шеснаесет) вработени административни службеници, 1 (еден) возач, 1 (еден) кафекувар во дирекцијата на Агенцијата и 11 (единаесет) магационери, 2 (два) главни чувари, 1 (еден) домаќин и 2 (два) работника за одржување на објект во магацините на Агенцијата.

## 1.7. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

Ефикасно и рационално менаџирање со стоковните резерви на Република Македонија со цел зголемување на економскиот раст и вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот.

## 1.8. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2016 ГОДИНА

**ПРЕХРАНБЕНИ СТОКИ**

**ПЧЕНИЦА**

- Согласно ,,Уредба за начинот на утврдување на максималните количини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви” (Службен весник на РМ, бр. 39 од 22.03.2010 година) извршен е отпис на 85.801,00 кг. меркантилна пченица на име кало и растур.

**ЈАЧМЕН ЗА СТОЧНА ХРАНА**

- Согласно ,,Уредба за начинот на утврдување на максималните количини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви" (Службен весник на РМ, бр. 39 од 22.03.2010 година) извршен е отпис на 11.534,00 кг. јачмен за сточна храна на име кало и растур.

**ГОТВАРСКА СОЛ ЗА ЧОВЕЧКА УПОТРЕБА**

- Во однос на количината, состојбата со резервите на готварска сол за човечка употреба, во текот на 2016 година не се изменети.

**СУРОВО (НЕРАФИНИРАНО) СОНЧОГЛЕДОВО МАСЛО**

- Во текот на 2016 година нема промени во количината на сурово сончогледово масло кое е сместено кај приватни складиштари кои согласно потпишаните договори вршат чување и обновување на истото.

**ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ**

**НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**

Во текот на 2016 година нема промени во количината на нафтени деривати кои се складирани кај приватни складиштари кои согласно потпишаните договори вршат чување и обновување на истите.

**ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА**

Во текот на 2016 година редовно е вршено обновување на стоковните резерви на лекови и медицински помагала. Обновувањето се врши во соработка и со претходна писмена согласност од Министерството за здравство - Бирото за лекови.

## 1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2017 ГОДИНА

**ПРЕХРАНБЕНИ СТОКИ**

**ПЧЕНИЦА**

- Согласно ,,Уредба за начинот на утврдување на максималните количини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви" (Службен весник на РМ, бр. 39 од 22.03.2010 година) извршен е отпис на 46.400,00 кг. меркантилна пченица на име кало и растур.
- Согласно Оглас бр.1/17 извршена е продажба на 21.000.000 килограми меркантилна пченица по пат на јавно наддавање, складирана во ЈП Агро Берза заради обнова.
- Согласно Одлука на Владата на Република Македонија издадени се 100.000 килограми меркантилна пченица на ЈП "ЈАСЕН".
- До крајот на 2017 година, согласно годишната програма за работа на Агенцијата планирано е да се изврши јавна набавка на 16.000.000 килограми меркантилна пченица.

**ЈАЧМЕН ЗА СТОЧНА ХРАНА**

- Согласно ,,Уредба за начинот на утврдување на максималните количини и вредности на загубите во поглед на хемиските и физичките својства на стоката преку кало, растур, кршење, расипување и евапорација во работењето со стоковните резерви" (Службен весник на РМ, бр. 39 од 22.03.2010 година) извршен е отпис на 6.567,00 кг. јачмен за сточна храна на име кало и растур.
- Согласно Одлука на Владата на Република Македонија издадени се 10.000 килограми јачмен за сточна храна на општина Чучер Сандево.

**ГОТВАРСКА СОЛ ЗА ЧОВЕЧКА УПОТРЕБА**

- Во однос на количината, состојбата со резервите на готварска сол за човечка употреба, во текот на 2017 година не се изменети.
- До крајот на 2017 треба да се изврши обновување на 1.111.143 сол за човечка употреба која се чува во магацините на Агенцијата за стоковни резерви.

**СУРОВО (НЕРАФИНИРАНО) СОНЧОГЛЕДОВО МАСЛО**

- Во текот на 2017 година нема промени во количината на сурово сончогледово масло кое е сместено кај приватни складиштари кои согласно потпишаните договори вршат чување и обновување на истото.

**ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ**

**НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**

- Во текот на 2017 година нема промени во количината на нафтени деривати кои се складирани кај приватни складиштари кои согласно потпишаните договори вршат чување и обновување на истите.

.

**ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ ПОМАГАЛА**

Во текот на 2017 година редовно е вршено обновување на стоковните резерви на лекови и медицински помагала. Обновувањето се врши во соработка и со претходна писмена согласност од Министерството за здравство - Бирото за лекови.

**ОЧЕКУВАНИ АКТИВНОСТИ 2018:**

- Во текот на 2018 година во зависност од расположивите средства потребно е да се набават дополнителни количини на одделни стоки во стоковните резерви кои се димензионирани и утврдени согласно Среднорочната Програма за формирање на стоковните резерви за периодот 2016-2020 година (Службен весник на РМ бр. 124/2015) така што да обезбедат покриеност на потрошувачката во Република Македонија за:

- пченица за 120 дена,
- пченка за 60 дена,
- јачмен за 60 дена,
- готварска сол за 45 дена,
- масло за јадење за 45 дена,
- нафтени деривати, и тоа:
  * еуросупер 95 БС за мин. 5 дена,
  * еуродизел БС (Д-Е V) за мин. 7 дена,

* екстра лесно ЕЛ-1 за мин. 4 дена,
* мазут М-1 НС за мин. 5 дена,

пресметано врз основа на годишната потрошувачка во Република Македонија.

## 1.10 ПРОГРАМИ

### 1.10.1 Програма - Управување со стоковни резерви

Агенцијата за стоковни резерви е носител на активностите во врска со планирањето, формирањето, финансирањето, чувањето, обновувањето и користењето на стоковните резерви во Република Македонија, ги врши управните, стручните и другите работи во врска со стоковните резерви и се грижи за нивото на пополнетост на стоковните резерви.

Потребни човечки ресурси:

Во Агенцијата за стоковни резерви има вкупно 16 (шеснаесет) вработени административни службеници, 1 (еден) возач, 1 (еден) кафекувар во дирекцијата на Агенцијата, 11 (единаесет) магационери, 2 (два) главни чувари, 1 (еден) домаќин и 2 (два) работника за одржување на објект во магацините на Агенцијата

- потребно зголемување: 4 во 2018 година
- потребно зголемување: 3 во 2019 година
- потребно зголемување: 4 во 2020 година

# 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

Спроведувањето, односно реализацијата на плановите за постигнување на поставените цели и задачи ќе се базира на Среднорочната програма за формирање на стоковните резерви за период 2016-2020 година, врз основа на која, а во зависност од висината на средствата определени со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, Агенцијата за стоковни резерви ќе и предложи на Владата на Република Македонија да донесе Програма за формирање, чување, обновување и користење на стоковните резерви за 2018 година.

## УПРАВУВАЊЕ СО СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ

### 2.1. А: Оправданост и дизајн на Програмата

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата Управување со стоковни резерви произлегува од стратешките приоритети на Владата на Република Македонија, односно зголемување на економскиот раст и вработеноста, пораст на животниот стандард на граѓаните и подобар и поквалитетен живот |
| **2. НПАА** (точно идентификувајте го приоритетот на ЕП, Поглавјето, ,секторот и темата од НПАА): Програмате не е поврзана со НПАА<br>Поглавје:<br>Приоритет:<br>Подрачје:<br>Тема: |
| **3. Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**<br>Обезбедување на квалитетни стоки во состав на стоковните резерви и обезбедување на количините предвидени со среднорочната програма, потребни за интервенција во услови на воена состојба, вонредна состојба, елементарни непогоди и други вонредни услови, за задоволување на потребите на населението во Република Македонија и ефикасно менаџирање со стоковните резерви. |

| | |
|---|---|
| **Назив на Програмата:** Управување со стоковни резерви | **Цел на Програмата:** Целосна пополнетост на стоковните резерви со предвидените стоки со Среднорочната програма за формирање, чување и обновување на стоковните резерви. |
| **Показатели за успех на Програмата:** Обезбедени доволни количини на квалитетни стоковни резерви за целосна пополнетост на стоковните резерви, согласно Законот и програмите за работа со стоковните резерви и нивно ефикасно и функционално користење. | |

| | | |
|---|---|---|
| **Програмата е:** | **x** хоризонтална | ☐ вертикална |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати (компоненти) од Програмата -** Управување со стоковни резерви | |
| **Резултат 1:** Редовна контрола и попис на стоковните резерви согласно годишниот план за контрола | **Показател за успешност:** Реализиран годишен план за контрола на стоковните резерви |
| **Резултат 2:** Набавка и продажба на стоки од стоковните резерви заради обновување | **Показател за успешност:** Успешно спроведени огласи за доделување на договори за јавни набавки и огласи за елетронско јавно наддавање на стоки од стоковните резерви |
| **Резултат 3:** Изработка на Програма за работа на Агенцијата | **Показател за успешност:** Донесена Програма за работа на Агенцијата за стоковни резерви |

**Б: План за спроведување на Програмата**

**Резултат 1: План за спроведување**

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | **финансиски МКД** |
| 1 Изготвување на план за контрола на стоковните резерви - Формирање на | Сектор за индустриски и | Државен пазарен | 01/2018 | 01/2018 | 4 | Обезбедено со Програма - |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| комисии и утврдување на термини за контрола | прехрамбени производи | инспектрат, Агенција за лекови, Дирекција за храна | | | | Управување со стоковни резерви |
| 2 Практична реализација на планот - контрола на терен | Тони Кантурски, Павле Јанкулоски | Државен пазарен инспектрат, Агенција за лекови, Дирекција за храна | 01/2018 | 12/2018 | 12 | 100,000 |
| 3 Попис на стоките од стоковните резерви | Претседател на пописна комисија | | 11/2017 | 02/2018 | 12 | 100,000 |
| 4 Извештај од извршениот попис | Претседател и членови на пописна комисија | | 02/2018 | 02/2018 | 12 | Обезбедено со Програма - Управување со стоковни резерви |
| Вкупно активности во тековната година: 4 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година:4 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2:4 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 1** | | | | | | |
| | | | | | | |

**Резултат 2: План за спроведување**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | човечки | Финансиски [MKD] |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 Изработка на план за јавни набавки | Одделение за финансиски прашања | Биро за јавни набавки | 01/2018 | 01/2018 | 3 | Обезбедено со Програма - Управување со стоковни резерви |
| 2 Објавување на тендери и огласи | Претседатели на комисии за јавни набавки | Биро за јавни набавки<br>Совет за јавни набавки | 01/2018 | 12/2018 | 12 | Обезбедено со Програма - Управување со стоковни резерви |
| 3 Избор на најповолни понудувачи/купувачи и склучување на договори за набавка/продажба | Претседатели на комисии за набавка/продажба и директор | / | 01/2018 | 12/2018 | 9 | Обезбедено со Програма - Управување со стоковни резерви |
| Вкупно активности во тековната година: 3 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година: 3 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 3 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 2** | | | | | | |

**Резултат 3: План за спроведување**

| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | **Финансиски [MKD]** |
| 1 Изработка на Програма за работа на Агенцијата за стоковни резерви | Раководители на сектори | Министерство за финансии<br>Секретаријат за законодавство,<br>Министерство | 11/2017 | 01/2018 | 8 | Обезбедено со Програма - Управување со стоковни резерви |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | за економија, Дирекција за храна, Регулаторна комисија за енергетика, Министерство за здравство, Биро за лекови, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | | | | |
| 2 Доставување до Владата на Република Македонија за донесување | Одделение за општи и правни работи | / | 12/2017 | 01/2018 | 2 | Обезбедено со Програма - Управување со стоковни резерви |
| 3 Изготвување на Извештај за работата со стоковните резерви во тековната година | Раководители на сектори | / | 02/2018 | 04/2018 | 9 | Обезбедено со Програма - Управување со стоковни резерви |
| Вкупно активности во тековната година: 3 | | | | | | |
| Вкупно активности во следната година: 3 | | | | | | |
| Вкупно активности во година 2: 3 | | | | | | |
| **Вкупно за резултат 3** | | | | | | |

## 3. Влијанија врз човечките ресурси

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРОГРАМА**<br>Управување со стоковни резерви | **Резиме на потреба од нови вработувања**<br>Има потреба од нови вработувања и тоа:<br>1 дипломиран економист на работно место раководител на Одделение за внатрешна ревизија,<br>1 дипломиран економист на работно место внатрешен ревизор,<br>1 дипломиран економист на работно место раководител на Одделение за финансиски прашања,<br>1 дипломиран економист, правник или технолог за работно место раководител одделение<br>1 дипломиран правник на работно место раководител на одделение за општи и правни работи<br>2 лица со ССС – економски или правен техничар<br>4 магацински работници | **Резиме на потреба од прераспределба на вработените** | **Резиме на потреба од обуки**<br>Континуирана обука на вработените на полето на:<br>- изучување на странски јазици,<br>- почетна и напредна обука за работа со компјутери,<br>- обука за раководители согласно со програмите,<br>- обука за јавни набавки<br>- обука за сметководители |

## 4. Принципи на правична застапеност

| | | |
|---|---|---|
| **2018**<br>**очекувано влијание**<br>При вработување на нови кадри ќе се води сметка за спроведување на уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во РМ | **2019**<br>**очекувано влијание**<br>При вработување на нови кадри ќе се води сметка за спроведување на уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во РМ | **2020**<br>**очекувано влијание**<br>При вработување на нови кадри ќе се води сметка за спроведување на уставното начело за соодветна и правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во РМ |

## РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ

**Развивање на политики**
Координација на политиките во Агенцијата за стоковни резерви врши директорот во соработка со раководителите на сектори.

**Стратешко планирање/подготвување на Буџетот**
Стратешкиот план за Агенцијата за стоковни резерви го изготвува Секторот за материјално финансиско работење во соработка со Секторот за индустриски и прехрамбени стоки.

**Извршување на Буџетот и управување со средства**
- Доследна примена за Законот за извршување на Буџетот,
- Рационално користење на средствата,
- Обука на вработените за извршување и управување со буџетот

**Управување со човечки ресурси**
Во Агенцијата за стоковни резерви има посебно Одделение за управување со човечки ресурси.

**Управување со информациски технологии**
Во Агенцијата за стоковни резерви нема посебно Одделение за информациски технологии.

**Внатрешна ревизија**
За внатрешна ревизија во Агенцијата за стоковни резерви предвидено е посебно одделение за внатрешна ревизија, меѓутоа истото не е формирано поради потребата од нови вработувања.